РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество
и администрација
Бр. 11/1-3868/2
14-11 20 19 год.
Скопје

# Записник од втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

<table>
<tr><td>Место на одржување</td><td colspan="3">Министерство за информатичко општество и администрација<br>сала за состаноци – кабинет на министер</td></tr>
<tr><td>Датум</td><td>01.11.2019 година</td><td>Време</td><td>14:00 – 16:00 часот</td></tr>
<tr><td>Бр. на седница</td><td colspan="3">Втора седница</td></tr>
<tr><td>Состанокот го води</td><td colspan="3">Димитар Буковалов, претседател на НКБК</td></tr>
<tr><td>Учесници</td><td colspan="2">Поканети:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК</td><td>Присутни:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Други поканети на состанокот</td><td colspan="2">Ана Малцева</td><td>МИОА</td></tr>
<tr><td colspan="2">Искра Андреева Алексоска</td><td>МИОА</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наталија Гелвановска<br>Артан Селими<br>Женија Виачанинова</td><td>Светска Банка</td></tr>
<tr><td>Логистичка поддршка</td><td colspan="3">Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА</td></tr>
</table>

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од конститутивната седница ;
2. Запознавање на членовите на НКБК со претставниците на Светска Банка и NODE проектот ;
3. Имплементација на Мерката во точката 2.1.2 од НОБП: користење на надворешна стручна помош во подготовката на Студијата за изводливост на НТОМ: Соработка со Светска Банка согласно WBIF апликацијата во однос на подготовката на Студијата за изводливост за Националната транспортна оптичка мрежа (новата мисија во Скопје, ToR, Concept Note, подготовка на Детален дизајн, можен Инвестициски грант преку WBIF, итн.), можна соработка со Connecta.
4. Имплементација на Мерката во точката 2.1.1 од НОБП: Улогата и надлежностите на идната Дигитална Агенција (треба да се формира согласно Законот за мрежна и информациска безбедност).
5. Имплементација на Мерката од точка 1.2 во НОБП : Потреба од ажурирање на утврдените бели, сиви и црни зони од страна на АЕК
6. Имплементација на Мерката од точка 1.10 во НОБП: Потреба АЕК да започне мапирање на користењето на услугата пристап до интернет по населено место
7. Имплементација на Мерката од точка 1.9 во НОБП: Мапирање на јавните институции и локации за бесплатен wifi пристап.
8. Имплементација на Мерката од точка 1.6 во НОБП: Подготовка на Анализа за постојната состојба на оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и идните планови за развојот и користењето на истата
9. Имплементација на Мерката од точка 1.8 и Планот за 5G во НОБП: Потреба од итно формирање на Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации
10. Имплементација на Мерката од точка 1.13 во НОБП: Подготовка на табела/анализа за споредба на развојот на бродбендот во државата во однос на развој на бродбенд пазарот во Европската Унија, согласно со DESI (The Digital Economy and Society Index);
11. Имплементација на точката 1.9 во НОБП: Информирање за текот на соработката со МЗШВ за орто-фото мапата на државата
12. Анализа на податоците добиени од ЕВН за користењето на електрична енергија

по населени места

13. Имплементација на точката 2.1.2 во НОБП: Потреба од соработка/состанок со Советот за рамномерен регионален развој, Советот за развој на планскиот регион и ЗЕЛС во однос на изградба на Национална транспортна мрежа и NGA мрежи во белите зони.
14. Имплементација на Мерката од точка 1.11 во НОБП: "АЕК во рок од 6 месеци од денот на усвојување на НОБП, во соработка со ВСО и ЈП МРД, а во консултација со единиците на локална самоуправа ќе подготви и објави План за имплементација на активности за промоција на бродбендот. Во Планот, покрај другото ќе бидат наведени видовите на активности, целните групи и конкретни временски рамки."
15. Имплементацијата на Мерката од точка 1.11 во НОБП: "АЕК по усвојување на НОБП треба да започне да одржува состаноци со градочалниците на локалните самоуправи и обука на вработените од аспект на користењето на ЕТИ."

## БЕЛЕШКИ

Седницата ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, претставувајќи ги точките од дневниот ред, кој едногласно беше усвоен од присутните.

**За првата точка од дневниот ред,**
Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од конститутивната седница.

**За втората точка од дневниот ред,**
На седницата присуствуваа претставници на Светска Банка, кои информираа за тековните активности во однос на техничката и финансиската помош која ја нудат за Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ).

Претставникот на Светска Банка, Наталија Гелвановска, истакна дека Банката е согласна со целите на проектот и дека за една година би биле подготвени да инвестираат, доколку до крајот на 2019 година, WBIF ги префрлат средствата предвидени за техничка помош за подготовка на студијата за изводливост.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, предложи во наредниот период да се добијат информации кога WBIF би можеле да ги префрлат средствата на Светска Банка

за да отпочне физибилити студијата и кога WBIF би започнале со давање грантови за инфраструктурни проекти, врз основа на што би можеле да се планираат и следните чекори во спроведувањето на НОБП, односно да се достави нова апликација до WBIF за Детален дизајн во февруари 2020 година.

Во наредниот период Светска банка планира состаноци со оператори, со цел правење скрининг на состојбата и увид во однос на тоа како треба да се проектира и финансира мрежата и во колкав обем. Притоа нагласи дека е потребно да се верификуваат белите зони, линковите кои недостасуваат до зоните и слично.

Членот на НКБК, Сашко Мукаетов, нагласи дека секоја помош во насока на реализација на НОБП е добредојдена, потенцирајќи дека се разгледувани модели на финансирање на слични проекти во државите од регионот. Мукаетов ја потенцираше и потребата за користење на веќе постоечката инфраструктура.

Во текот на дискусијата со претставниците од Светска Банка, членот на НКБК, Боро Јакимовски, истакна дека од физибилити студијата ќе произлезе најсоодветниот модел за работење и поврзување на белите зони.

По завршувањето на дискусијата по однос на втората точка, беше дадена пауза, по што втората седница продолжи со работа по останатите точки од дневниот ред без присуството на претставниците од Светска Банка.

**За третата точка од дневниот ред,**

На состанокот на НКБК присуствуваше Искра Андреева Алексоска од Министерството за информатичко општество и администрација, која информираше за активностите околу техничката помош на WBIF. Во текот на дискусијата се заклучи дека доколку не отпочне физибилити студијата во јануари 2020 година, во тој случај не може да се аплицира за добивање на техничка помош за подготовка на Детален дизајн на Националната Транспортна Оптичка Мрежа (НТОМ), ниту за инвестициски грант преку WBIF.

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, предложи државата да интервенира со средства за физибилити студијата, доколку не пристигнат средствата од WBIF, бидејќи НОБП има рокови кои треба да се почитуваат.

Сашко Мукаетов информираше дека по однос на овие прашања државата може да добие конкретна техничка помош од Република Словенија.

Во продолжение на состанокот, се отвори дискусија околу апликацијата на МЕПСО до WBIF за добивање техничка помош.

**Заклучок :**

НКБК донесе заклучок претставници на МЕПСО да бидат поканети на состанок со членовите на НКБК, со цел да информираат за идните планови околу развојот на нивната мрежа согласно апликацијата до WBIF.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во однос на четвртата точка - Улогата и надлежностите на идната Дигитална Агенција, информираше Ана Малцева, кабинетски службеник-советник на министерот за правни работи. Агенцијата ќе се формира согласно Законот за мрежна и информациска безбедност, согласно НИС директивата на ЕУ. Малцева соопшти дека работната верзија на предлог законот веќе е поставена на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), каде се очекуваат предлози и коментари.

Дигиталната агенција ќе биде надлежна за одговор на сајбер напади и ќе претставува единствена точка за контакт, која ќе комуницира со домашни и меѓународни тела од областа на сајбер безбедноста.

Од НКБК беше побарано да достави предлог текст за надлежностите на Дигиталната агенција во однос на поврзувањето на јавните институции и обезбедување на комуникациски услуги на истите.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, се заложи на членовите на канцеларијата да им достави предлог текст, кој ќе биде разгледан на продолжението на втората редовна седница на НКБК.

По однос на другите точки од дневниот ред на втората седница на НКБК, членовите одлучија за 7 и 8 точка од дневниот ред информација да подготви Имер Далипи, за 10-та точка информација да подготви Славица Настеска, за 9-та и 11-та точка Димитар Буковалов, додека за 12-та точка ќе информираат членовите Анастас Мишев и Боро Јакимовски.

**Заклучок :**

На крајот од состанокот беше донесен заклучок да се поканат претставници на Агенцијата за електронски комуникации, за точките 5, 6, 14 и 15 од усвоениот дневен ред.

Записникот го водеше **Владимир Соколов** ____________

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов** ____________

# Национална канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

## Министерство за информатичко општество и администрација

Датум на одржување 01.11.2019 год.

Листа за присуство на состанокот

| Членови на НКБК | | Надворешни соработници | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме | потпис | Име и презиме | Потпис | Контакт |
| Димитар Буковалов | | Zhenia Viatchaninova | | |
| Анастас Мишев | | ARTAN SALIU | | |
| Боро Јакимовски | | NATALIJA GELEVANOVSKA-ORCEVA | | |
| Сашко Мукаетов | | Искра А. Алексова | | |
| Зоран Дервишов | | Ана Малцева | | ana.malceva @mioa.gov.mk |
| Славица Настеска | | | | |
| Имер Далипи | | | | |